ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија
Бр. 0401-2934/2
10.08.2026 год.
СКОПЈЕ

ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија
ул. Мајка Тереза бр. 17
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел: + 389 2 3147 900 Факс: +389 2 3111 232
e-mail: ukonkologija@zdravstvo.gov.mk

**ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија**

Врз основа на член: 155 –д, 156, 157, 158, 159, 160 ст.3, 161 ст1, 164-а, 164-б, 164-в ст.4, 164-г од Закон за здравствената („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24, 170/24 и 31/26), Известување од Министерство за финансии на Република Северна Македонија 19-3727/2 од 22.05.2026 година, дел бр. бр.0301-2117/2 од 03.06.2026 година за обезбедени финансиски средства и член.30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје, Директорот Вонр.Проф.д-р Игор Стојковски на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје, распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на 1 (еден) Дипломиран Фармацевт, 1 (една) медицинска сестра

1.Да се распише Јавен оглас за вработување на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за онкологија и радиотерапија – Скопје :

- 1 (еден) Дипломиран фармацевт,
- 1 (една) Медицинска сестра

2. Кандидатите треба да ги исполнат општите услови за вработување согласно закон и тоа:

- да е државјанин на Р С Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење на професија, дејност или должност.
- да има соодветно образование,
- да има потребно работно искуство во струката и
- други услови утврдени во актот за систематизација на работните места.

Покрај општите услови наведени погоре, кандидатите треба да ги исполнат и следните посебни услови:

- Да има соодветна стручна квалификација, потребна за тоа работно место
- Да има соодветно работно искуство
- Да поседува општи работни компетенции потребни за работното место
- Да поседува соодветни посебни работни компетенции за потребите на работното место

3. За работнот место: 1 (еден) Дипломиран Фармацевт, треба да се исполнат следните законски услови:

- да е државјанин на Р С Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење на професија, дејност или должност.
- да има соодветно образование, завршено високо образование со најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 – Фармацевтски факултет,
- да има важечка лиценца за работа,
- да има положен стручен испит,
- да има постигнат просечен успех од сите предмети на сите циклуси на универзитетски студии кои ги завршил кандидатот од најмалку ... просечен успех,
- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно да познава компјутерски програми за канцелариско работење,
- да биде со или без работно искуство
- Кандидатите кои имаат завршено прв, втор или трет циклус на студии од областа на медицинските науки на еден од 100 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) не треба да ги исполнуваат посебните услови од точка 3, сигу нак за нивното вработување се спроведува постапка за селекција на кандидат

3.1 Во прилог кандидатите треба да ги достават следните документи:

- Пријава со податоци за контакт (со точна адреса на живеење, контакт телефон и E-mail адреса)
- Кратка биографија (CV)
- Уверение за државјанство на РСМ, (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Лекарско уверение за општа здравствена состојба (да не постаро од 6 месеци), (оригинал или фотокопија заверена на нотар),
- Уверение дека не е изречена со правосилна одлука забрана на вршење на професија, дејност или должност, (да не постаро од 6 месеци), (оригинал или фотокопија заверено на нотар)
- Уверение за положен стручен испит, (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Лиценца за работа, (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Доказ за завршен Фармацевтски факултет, (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Доказ во кој ќе се види просекот на кандидатот уверение со просечен успех за завршен Фармацевтски факултет, односно уверение со просечен успех за завршен Фармацевтски факултет (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Сертификат за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Сертификат за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, (оригинал или фотокопија заверена на нотар)

- Кандидатот кој ќе достави диплома за завршен Фармацевтски факултет во странство, должен е да достави нострификација на дипломата и еквиваленција на успехот, (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Доказ за работно искуство доколку го има (заверено во институцијата каде го остварил работното искуство)

3. За работнот место: 1 (еден) Медицинска сестра, треба да се исполнат следните законски услови:
   - да е државјанин на Р С Македонија,
   - да е полнолетен,
   - да има општа здравствена способност и
   - да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење на професија, дејност или должност.
   - да има соодветно образование, завршено средно медицинско образование-медицинска сестра/техничар
   - да има положен стручен испит,
   - активно да познава компјутерски програми за канцелариско работење,
   - да биде со или без работно искуство

3.1 Во прилог кандидатите треба да ги достават следните документи:

- Пријава со податоци за контакт (со точна адреса на живеење, контакт телефон и E-mail адреса)
- Кратка биографија (CV)
- Уверение за државјанство на Република Македонија, оригинал или фотокопија заверена на нотар, не постаро од 6 месеци.
- Лекарско уверение не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар;
- Уверение дека не е изречена со правосилна одлука забрана на вршење на професија, дејност или должност, не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар;
- Диплома или уверение со просечен успех за завршено средно медицинско образование- медицинска сестра/техничар, оригинал или фотокопија заверена на нотар;
- Сертификат/Уверени/Потврда за Активното познавање на компјутерски програми за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Доказ за положен стручен испит
- Потврда за работно искуство доколку има.

4. Работното време за кандидатите е
   - Дипломиран Фармацевт 08.00 – 15.00 часот
   - Медицинска сестра, 07.30-14.00 часот

5. Основна нето плата изнесува за:
   a. Дипломиран Фармацевт 55.299,оо денари.
   b. Медицинска сестра 38.953, оо денари.

6. Рокот за пријавување на јавниот оглас е 5 (пет) дена од денот на објавувањето.
7. Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата за селекција на кандидати.
8. По извршената селекција на пријавените кандидати за Дипломиран Фармацевт, кои ги исполнуваат условите согласно јавниот оглас, ќе биде спроведен писмен и усмен испит согласно член 164-г од Законот за здравствена заштита.
9. Селекција на пријавените кандидати за здравствени работници со средно образование, селекцијата на кандидатот се врши врз основа на следните критериуми:

   1. Просек на успех -50 бода

   2. Стручен дел ( тест )-50 бода

   во согласност со член 160 од Законот за здравствена заштита на РСМ,

   Селекција на пријавените кандидати за здравствени работници со високо образование, селекцијата на кандидатот се врши врз основа на следните критериуми:

   1) Успехот што кандидатот го постигнал на секој од циклусите на универзитетски студии кој носи 20 бода

   2) Писмен испит кој носи 60 бода, и

   3) Устен испит кој носи 20 бода:

   во согласност со член 164 ст.4 од Законот за здравствена заштита на РСМ.

10. Работоводниот орган на здравствената установа, врз основа на ранг-листа предложена од комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати, доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите, спроведува интервју и донесува одлука за избор на кандидат. Работоводниот орган мора да го избере најдобриот кандидат согласно со редоследот на ранг-листата.

11. Пријавата со целокупната потребна документација и телефон за контакт, да се достават во затворен коверт со напомена „Да не се отвара" до Комисијата за селекција на кандидати при ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје, на адреса ул.Водњанска бр.17, по пошта или во архивата на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје, а со назнака за „Јавен оглас за вработување".
12. Пријавата со целокупната потребна документација и телефон за контакт, да се достават во затворен коверт со напомена „Да не се отвара" до Комисијата за селекција на кандидати при ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје, на адреса ул.Водњанска бр.17, по пошта или во архивата на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје, а со назнака за „Јавен оглас за вработување".

ЈЗУ Универзитетска клиника за
радиотерапија и онкологија – Скопје
Директор
Вонр.Проф.д-р Игор Стојковски